Отец Стефан Санџакоски

# Вражени логоси

ikona

## Во пограничната зона меѓу православната теологија и современата незнабожна медицина
*(кон книгата: Црквата и медицината - од група автори)*

Со особено задоволство забележувам дека своевидниот кодекс на теолошко-медицински трактати „Црквата и медицината“, е првата и засега единствена книга од овој жанр во Р. Македонија. Македонскиот читател се стекнува со можноста да ја опсервира медицинската наука со сите нејзини постигувања и слабости, од најсвежите иновации до актуелните етички контраверзии sub specie aeternitatis. Гледањето на медицината од аголот на Црквата е мошне важно за нас. Тоа го оправдува нашиот приод кон оваа книга како кон своевиден ориентир. Бидејќи етичката хипокризија својствена за медицинските кругови ја скандализира светската јавност. Оттука произлегува и повикот на авторите на оваа книга да се врамновесат релациите меѓу Црквата и медицината. А за правилно разбирање на овој проблем не смее да се заобиколи библиската антропологија како негова основа.

Бесомнежно и едномислено се афирмира органската сраснатост на двата света во човекот - вештествениот и духовниот. Болеста го разградува нивното единство. Конечен епилог на процесот на дезинтеграција на двоедното битие е смртта. Затоа човекот чувствува мачнина при самото споменување на смртта, а болеста не ја доживува без агонија. Човекот бара одговор што ќе ја осмисли смртта. Одговорот го има, но до него не се стигнува надвор од религиозното објаснување на болеста. И покрај религиозната смисла на болеста, таа е зло што води во смрт. Но токму смртта, а не човекот, треба да умре во смртта. Христос е Животот што ја победи смртта и Неговата победа постојано дејствува во светов. Како поинаку ќе ја неутрализираме непоткупливата вистина, дека во последниве неколку десетлетија доминираат терминалните заболувања, уште попознати

како болести на цивилизацијата. Гибелно е темпото на живеење, бидејќи во неговиот вртлог човекот на техничката цивилизација се онеспособува да господари со внатрешните, духовни простори. Тоа доведува до раскол меѓу умот и срцето и консеквентно на тоа умот престанува да се нурка во бездните на срцето. „Човекот престанува да се загледува во себе и да го оценува своето битие од позиција на вечните, неменливи ведности... како образ и подобие Божје.“ Наспроти времето на овој свет, времето на Црквата е литургиското време кое го антиципира времето на идниот век. Во тоа време на лична молитва и литургизам, човекот се реинтегрира преку изострената способност однатре да се зерка себеси и да ги одговори неодговорените, вечни прашања. Еден од авторите на оваа навистина според многу нешта единствена книга, со право забележува: „Божествената љубов е токму оној мост што ги става во единство и согласност Црквата и медицината“. Вештественото и душевното здравје на човекот зависат од неговата духовна состојба, т.е. од духовноста која се изразува во способноста да се љуби. Од степенот на духовноста зависи степенот на владење на човекот со своето тело и со своите емоции. Токму затоа и секоја болест се перципира како последица на нарушената рамнотежа меѓу принципот *сома* и принципот *психа*. Непобитна е психогенезата на секоја телесна болест.

Црквата никогаш не била рамнодушна спрема здравјето на човекот. Таа никогаш не го оставала човекот без својата грижа за него, и тоа од раѓање па сè до смртта. За тоа мошне илустративно зборуваат и самите наслови на студиите напишани од раката на врвни авторитети во медицината, кои се објавени во оваа книга. Дури и за оние наши браќа и сестри кои веќе го напуштиле овој свет, Црквата се моли за упокојување на нивните души во местото на кое отсуствува секоја болест, тага и воздишка.

Без да ја негира медицинската наука и без да го попречува нејзиниот развој, Црквата од оваа страна, кон болеста негува христијанска релација, која на луѓето им дава сила да ги поднесат и да ги победат страданијата. Денес повторно се јавува потребата од здружување на искуствата и знаењата на свештеникот-духовниот терапевт и лекарот-душевниот и телесниот терапевт. Како да се движиме во погрешната зона меѓу православната теологија и незнабожната психијатрија?! Постои ли можноста за реална соработка меѓу Црквата и медицината? Оваа книга гради афирмативен став по тоа прашање. Соработката е можна, но не безусловно. Услов за тоа е двете страни да ја согледаат својата граница. Свештеникот треба да владее со учењето на медицината за да ги знае нејзините рамки и нејзината човечка немоќ како нејзина граница. Преку оваа граница може да постои размена на искуства, дури и соработка, но под услов да постои заемна информираност. Да речеме, ако свештеникот заклучи дека неговиот парохијан има халуцинации заради оштетување на мозочните ќелии, тогаш тој го испраќа на лечење кај невмологот или невропсихијатарот.

Исто така, религиозниот психијатар или психијатарот агностик кога ќе констатира дека неговиот пациент е неизлечлив, бидејќи е демоноопседнат, го испраќа на лекување кај свештеникот.

По сè што кажавме за оваа ретка книга, останува топлата препорака до сите читатели и библиофили, да ја поседуваат и да ја ползуваат како непогрешлив ориентир во градењето став кон темата за релацијата на Црквата и медицината.

# Бегање во прегратка Божја

*(кон монографијата за Наум Миладин)*

Кризата што е предизвикана во пазувите на современата европска култура не ја заобиколи македонската култура како нејзин интегрален дел. Феноменот „криза на културата" за македонските културни слоеви е антиномичен. Но, за наша среќа кризата парадоксално се преобразува во продуктивен процес на семантично читање и егзегеза на источниците на културните постигнувања и евалуација на културните и творечки процеси, феномени, збиднувања, идеи и *личности* од историјата на културата на Македонија.

Книгава што стои пред нас претставува монографија за Наум Миладин. Авторите на текстовите поместени во неа го евалуираат животот и делото на овој горостасен преродбеник од Струга и забележуваат дека е неправедно заборавен од најодговорните луѓе на македонската наука и култура.

Вишиот кустос, историчар и приредувач на малечката монографија за Наум Миладин - Петар Аврамоски е автор на текстот: „Кон јубилеите на Наум Миладин". Тој, во него ја постулира својата магистрална теза за органската поврзаност на македонската преродба од XIX век со имињата на славните стружани, браќата Миладиновци. „Од македонската Преродба ќе произлезе националното осознавање за народносната припадност кон *словенскиот род."* – заклучува тој (Петар Аврамоски). Авторот на истиот текст, не без горчина, заклучува дека при спомнувањето на браќата Миладиновци секогаш се мисли на двајцата од тројцата браќа: Димитар и Константин. Името на средниот брат Наум се игнорира. Петар Аврамоски темелно ги објаснува причините за небулозната игноранција во историскиот трактат: „Животниот пат на Наум Миладин". Се заборава, вели тој, дека токму Наум Миладин е круцијална

преродбенска личност и прв *македонски музиколог*, *мелограф* и *просветен деец*.

Повикот да се евалуира животот и делото на Наум Миладин ја обележува оваа по обем малечка монографија и ја открива нејзината базична цел. Скудните историски изворници се објективна пречка за екстензивирање на научно истражувачката љубопитност.

Книгата претставува конечен интелектуален производ на чествувањето на двата јубилеи врзани за животот и творештвото на овој ингениозен стружанец. Станува збор за 190 години од раѓањето (1817-2007) и 165 години од печатењето на првиот учебник по византиско-словенска црковна музика: „Вовед во теоријата на црковната музика“ (1843 год.). Свеченоста беше одржана во Центарот за култура „Браќа Миладиновци“ во Струга во Септември 2007 година. Во таа пригода приредувачот на оваа монографија забележа дека општата амнезија што завладеала во македонските културни кругови по прашањето на култната личност на Наум Миладин, стружани ја отфрлаат со индигнација и се залагаат за беспрекорна верност и лојалност кон својот незаборавно сакан и почитуван музиколог и професор. Од тие побуди на страниците од оваа книга се запишани следниве думи полни со топлина: „Оваа скромна книшка се подарува како чин на вечна благодарност кон Наум Миладин и наш залог за почит и незаборав на овој великан на македонската Преродба“.

Наум Миладин се упокоил во Господа на 27 Април 1895 год. во Софија. Ни ги оставил во наследство до денешен ден необјавените „Мемоари“. Тие претставуваат своевидни автобиографски белешки. Се чуваат далеку од очите на научната јавност, во длабоките трезори на Бугарската академија на науките и уметностите.

Во прегнантно напишаниот текст: „Уметничкото дело на Наум Миладин“ (втората студија поместена во микро-монографијата „Наум Миладин“), нејзиниот

автор, младиот, но веќе мошне извесен македонски музиколог, магистер, господин Димитри Кумбароски, прави задлабочени и херменевтички продори во творечкиот опус на Наум Миладин. Тој успешно го детерминира хоризонтот на неговиот уметнички хабитус, така што става нагласка на елементите што го стимулираат праволинискиот тек на музичката уметност кај нас. Уникалноста и оригиналноста на јасно дефинираниот креативен чин својствен за маестро Наум Миладин, се инкорпорираат во автохтоните музички фрази: *„Струшка музичка школа“* и *„Струшка музичка гама“*.

Магистер Димитри Кумбароски го портретира духовниот лик на внатрешниот човек, човекот на Духот Свет во Наум Миладин. Оттаму потекнува оптималната оправославеност на личноста чиј литургизам е нејзин препознатлив еквивалент. А тоа значи дека личноста на Наум Миладин е органски натопена од вечната Вистина длабински скенирана од библиската егзегеза. Таквиот Наум Миладин извлекува егзистенцијални јатки од амбисот на духоносната и спасоносната поетска реч - поентира проф. м-р Димитри Кумбароски.

Според авторот на вториот текст, Наум Миладин како професор и педагог го прегрнал православниот модел за воспитување и образување на личноста на човекот. Аргумент за нашево кажување наоѓаме во резултатите на мелургиската и лингвалната работилница на маестро Наум Миладин. Од неа произлегле плеада високообразовани и просветени псалти и мелурзи.

Нашиот млад и високонаучен музиколог Димитри Кумбароски за учебникот на Наум Миладин „Вовед во теоријата на црковната музика“ (1843), вели дека претставува оригинална и уникална теоретска расправа за музиката од тоа историско раздобје кај нас.

Учебникот на проф. Наум Миладин за нас стружани стана архетипска основа за создавање на „струшката музичка школа“. Нејзини колосални претставници се

учениците на Наум Миладин како и учениците на неговите ученици. Колку за илустрација ќе ги спомнеме имињата на неколкутемина бележити претставници на „струшката музичка школа“: Георги Икономов, архимандрит Калистрат Зографски, архимандрит Дионисиј Попоски, поп Димко Милев, псалт Анастас Калајџи, псалт Јанче Кленко, Сотир Чакар, отец Владимир Санџак...

Нашето потпирање врз духоносните горостаси на нашиов град и нашите повикувања на нивните изворни авторитети ни овозможува бестрашно стоење простум пред Бога и пред лицето на овој свет. Тоа нè прави резистентни на сите соблазниви наноси исфрлани од челуста на тоталитарната култура на Западот. Наум Миладин ни помага да го собереме нашиот дезинтегриран ум - заклучува проф. м-р Димитри Кумбароски. А тоа значи небуквално враќање кон духовните и културните содржини срцелиени од засекогаш нашиот стружанец Наум Миладин. Но, небуквалното враќање кон неминливите и несмртните содржини на животот не смее да се случи формално туку егзистенцијално. Само тогаш на нашиот богодостоен предок ќе му станеме достојни потомци, оспособени да го гледаат времето на овој свет со очите на Бога, низ призмата на есхатолошкото време sub specie aeternitatis.

p.s. Нашево промотивно кажување за моногрфијата „Наум Миладин“ ќе го завршиме со едно созерцание на нашиот струшки сликар и книжевник Димитрие Дурацовски:

*„Велат дека има лица и ликови кои уметниците тешко ги портретираат, тешко можат да им ја доловат суштината, внатрешниот живот, дури и самата физиономија. Може да се претпостави од каде доаѓа сето тоа, зошто е тоа така; можеби од самите противречности од кои е составен ликот, од неговата повеќеслојност, од т.н. „содржина“, можеби од*

*психолошкиот состав на ликот кој се сака да се портретира, да се опише*“.

Сето ова бесомнежно важи и за ликот на нашиот Наум Миладин. Со тоа што, кон тој корпус на забелешки би ја придодале уште и историската дистанца што стои меѓу нас и него и скудноста на историските извори.